## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јули 2007 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,28 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците за некоја минута започнуваме со седницата.

Дами и господа пратеници, ја отворам 58-та седница на Собранието на Република Македонија, свикана за 26 јули 2007 година, во 11,00 часот.

Пратениците Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Фијат Цаноски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Гарип Каба, Блерим Беџети, Ристо Пенов, Тале Герамитчиоски, Џеват Адеми, Радмила Шекеринска и Абдуладинска и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети претседтелот и членовите на Владата на Република Македонија.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ратко Димитровски, Ружди Матоши и Васко Шутаров.

Министерот за локална самоуправа достави одговори на пратеничките прашања...

Да, процедурално, повелете господине Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседателе, пратеничката група на СДСМ подготвена е да се откаже на денешната седница, уште еднаш, од поставување на пратенички прашања и бара итна седница на Собранието на Република Македонија на која би се расправало по единствена точка на дневниот ред - Информација за состојбите во Република Македонија по пожарите кои ја зафатија територијата на целата држава.

Во буквална смисла на зборот веќе неколку дена наназад Република Македонија гори. Пожарите кои ја зафатија скоро целата територија на државата, без исклучок, општо дефинирано, ситуацијата ја прават крајно алармантна и загрижувачка. До сега во Република Македонија се регистрирани над 290 пожари, зафатени се повеќе од 3000 хектари од кои повеќето од 80% се под шума.

Владата на Република Македонија на 18 овој месец раководејќи се од невообичаено високите температури донесе одлука за прогласување на кризна состојба и врз основа на таа одлука формиран е Главен штаб при Центарот за управување со кризи.

По носење на одлуката на Републичкиот центар за кризен штаб, директорот за управување со кризи господинот Панде Лазаревски изјави дека Штабот располага со комплетна стратегија за справување со кризата, дека е направена целосна координација на сите релевантни структури и дека се разграничени зоните на командување.

Тој во истата прилика изјави дека комплетниот акционен план за делување го најави за утредента истовремено изјавувајќи дека Македонија има сосема доволен капацитет да се справи со гаснењето на пожарите.

Бидејќи од тогаш до денес состојбата на теренот се развива во правец на тоа дека не само што управувањето со кризата буквално стихијно може да се управува, логично е да се постави прашањето што се случува во Република Македонија.

Затоа бараме на оваа седница да се расправа по единствена точка на дневниот ред заради тоа што закануването на неколку града кои ги имавме во досегашниот период може да продолжи и во наредниот период.

Уште позагрижувачко во целата оваа ситуација... (истекоа трите минути и претседателот дозволи уште 20 секунди).

Најавени се избувнувања и на нови пожари (реакција од страна на пратениците), но мислам дека многу прашања...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да се сослушаме.

**Никола Ќуркчиев:** Ве молам почитувани колеги неминовно е Собранието на Република Македонија да отвори дебата во која отворено ќе се разговара релевантните институции да дадат одговор и информации на следните прашања:

Кој е реалниот капацитет на нашата држава за конкретно справување со ваков тип на кризи.

Меѓутоа, ако ги земете температурните услови кои владеат во Република Македонија, ако се вратите почитувани колеги од таму од каде што доаѓате, ќе видите дека цели ноќи нашите граѓани се справуваат со ова невреме кое...

**Љубиша Георгиевски:** Господине Ќуркчиев јасно е, благодарам.

Благодарам господине Ќуркчиев, јасно е. Ве молам да се сослушаме.

Бидејќи имаме една, ве молам, особена ситуација седницата за пратенички прашања е самата есенција, самата срж на парламентарното постоење.

Бидејќи имаме една особена ситуација, имаме предлог од една опозициска партија како што го слушнавте, за да отстојно тој предлог се разгледа, предлагам координација во Охридската сала и половина час пауза.

Господине Неждет после паузата, се договоривме.

(Паузата е дадена во 11,36 часот)

(по паузата)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата. Ве молам за тишина.

На одржаната координација сите пратенички групи беа за да се одржи таква седница, се говореше само за тоа дали денес и веднаш или по ден или два врз база на еден извештај од Владата.

Пред да ја објавам Одлуката како пресудувам по ова, би молел премиерот да каже како се однесува кон тоа, дали може без пишан извештај од Владата да процедираме во врска со предлогот на СДСМ.

Повелете господине премиер.

**Никола Груевски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Ние со задоволство би сакале да разговараме за оваа тема, иако изненадени сме во смисла што не ни беше кажано ден однапред, да подготвиме детален извештај. Потоа, да подготвиме бројки, проценки, детали, итн., меѓутоа со оглед на тоа дека денес Парламентот изразува таква подготвеност ние ја прифаќаме темата со ограда дека за некои детали нема да можеме да говориме, бидејќи не ги знаеме на памет. Се знае што значи писмен извештај од 5, 6 или 7 страни со многу детаљи подготвуван од служби, од луѓе кои се занимаваат со секој детал поединечно, а се знае што може а се зборува на памет од разговорот од претходните денови. Меѓутоа, со оглед на тоа дека ние живееме со оваа тема, борејќи се со огнената стихија, борејќи се за нејзино запирање, борејќи се за донесување странска помош, борејќи се за ангажирање на што повеќе граѓани, војската, институциите, Македонски шуми, Македонија пат итн, за да се спречат пожарите, да се спречи нивното ширење да се локализираат и неутрализираат, да не се појави некаде некој пожар ако почнал малку да гори. Имајќи ги тие искуства од овие денови, бидејќи практично цел ден живееме со тоа во последние 5-6 дена, ние сме подготвени да разговараме денес, да разговараме денес на оваа тема, да ве запознаеме со тие детаљи што ние ги знаеме. За жал, службите од Кризниот штаб односно од Центарот за управување со кризи од дирекцијата за заштита и спасување се на терен во гаснење на пожарите, во организација на гаснењето на пожарите, во комуникација со многу фактори кои што ни помагаат, така што не можеме нив да ги обезбедиме денес вака брзо како што кажавте, но сме поготвени да разговараме за оваа тема и краткиот одговор е дека ја прифаќаме вашата иницијатива денес да разговараме по оваа тема. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Констатирајќи со големо задоволство дека Владата прифаќа една иницијатива дадена од страна на Парламентот, што е уште позначајно од страна на една од најрелевантните и најрелевантна опозициона партија, предлагам денес наместо темата Пратенички прашања, да дискутираме за алармантната ситуација што владее во нашата земја во врска со пожарот и без официјални, формални итн., извештаи. Мислам дека овој предлог е таков, прв пат се говори за рокада, не се говори за дневен ред, го ставам на гласање тој предлог, дали сме за тоа денес да говориме седницата да биде посветена на еден момент на пожарот во Македонија.

Молам, да гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 58, воздржано гласале 3, против 6.

Според тоа, денес разговараме за пожарите во Македонија.

Повелете, овде веќе имаме најавени говорници процедурални, да завршиме со процедуралните интервенции.

Прв беше, се извинувам дека паузата настапи пред вашата процедурална интервенција, но се надевам дека после паузата сме сепак помудри, отколку пред тоа.

Повелете господине Неждет Мустафа.

**Неждет Мустафа:** Благодарам претседателе.

Токму така како што и рековте дека паузата придонесе дури и да се вклопи мојата тема со иницијативата да се посвети денешната седница во однос на трагичните настани што се случуваат во врска со пожарите во нашата држава Република Македонија.

Почитувани колеги, почитуван претседателе, почитуван премиере, министри,

На овој денешен ден навистина со исклучителна можност да ја користам мојата импресија, значи би сакал да ја пренесам мојата импресија во врскас со вчерашната посета во Битола со мојата средба со граѓаните Роми. Тука, покрај онаа трогателна ситуација и сето она што како глетка го допреа моите очи е навистина голема, голема, опасна трагедија за Македонија да се гледаат огромни планини зацрнети, што сепак нас како гераѓани, како држава многу и многу ќе не чини. Ќе ни требаат следните 15 до 20 години за да го добиеме тој зелен рељев, таа зелена површина од дрва. Но, во целиот овој трагичен случај, најтрагичното е тоа што овој настан ја допира ромската заедница. Претседателе, јас сум апсолутно уверен во вашиот многу сериозен ангажман, секојдневен, 24 часовен ангажман по овој настан. Јас исто така сум уверен во вашата екипа, дека сте апсолутно ангажирани. Но, ве молам, еве вие патувате често, одете таму, да ги гледате ромите. Одете во таа ситуација да гледате во каква состојба се ромите и навистина е страшно и опасно да се гледаат тие јадни лица, тие јадни семејства и покрај тоа што нон стоп говорам дека живеат во мизерни и субстандардни живеалишта и да се гледа таа глетка каде што се им е изгорено и од другиот крак не под мостот, каде штосе изгорени 5 куки, бев на лице место. Таму тие пет куки тие деца за молку ќе изгореше едно бебе близу до самиот врв на планината каде што живеат ромите, едвај се спасувало тоа семејство и тоа семејство воопшто не е згрижено.

Претседателе, известен сум од ромската заедница во Битола дека градоначалникот ниту една пожарникарска кола не им испратиле таму. Луѓето со сопствени раце. . .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ова ќе биде и цел ден ќе расправаме за ова.

Процедуралната интервенција кажете ја. Инаку јас ве разбирам и можам да ви кажам дека веднаш отпатуваа луѓето во Битола и нашите пратеници веднаш беа и она што може да се направи беше направено.

**Неждет Мустафа:** Претседателе, да ја довршам мислата и ќе завршам со процедурата.

Мислам дека градоначалникот на Битола несериозно се однесува со ромите таму и имам страшни инфорамции од тој терен и јас навистина молам да биде многу повнимателен кон ромската заедница. . .

**Љубиша Георгиевски:** Сега ова веќе не е процедурално, но градоначалникот на Битола да можеше да го запре процедурално пожарот, ќе го запреше. Според тоа, тој нема никаква вина тука, дали е компетентен или е некомпетентен ќе разговараме за време на седницата.

Процедуралните работи да ги оставиме сега. Нели ја добивме темата, нели се изборивме пред Владата за таа тема, тогаш дајте да се посветиме на темата времето ќе се исцрпи вака.

Господинот премиер има процедурално, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Кратко да одговорам на пратеникот за ова што го отвори дека практично вечерта кога заминав во Битола кога избувнаа пожарите, првото место што го посети беше токму тоа место каде што беа сместени ромите во Битола. Бевме заедно со градоначалникот и со други луѓе што се инволвирани во давање на помош во една таква ситуација, а беше и директорот на Центарот за справување со кризи, господинот Панде Лазаревски, беа и други луѓе со нас. Значи, веднаш уште во текот на ноќта некаде околу 12,00 часот пристигнавме на местото каде што беа, ја видовме состојбата, потоа се вративме во кризниот штаб и работејќи на кризниот штаб меѓу другото расправавме и за тие луѓе таму. Тие живеат во еден многу непристапен терен, не знам дали некогаш сте биле, тоа е буквално во една длабока дупка или како да го наречеме, каде што цистерна тешко може да дојде, многу е тежок пристапот, теренот е многу тежок. Ние ја видовме состојбата каква е и вечерта на кризниот штаб расправавме и договоривме да не ги оставаме сите во текот на ноќта да останат таму, туку за нив и само за нив да се изврши вечерта веднаш после седницата на кризниот штаб евакуација во некоја спортска сала во училиштата за тој период додека се таму да им се обезбеди храна, вода и она што им е потребно, за да не се случи во текот на ноќта да се повтори. Бидејќи, тоа беше критична вечер, тогаш беа најголемите пожари. Веќе вчера беа доста посмирени, но таа вечер пожарите беа многу критични. Одлучивме та а вечер да ги дислоцираме. Потоа, претпоставувам дека екипата што остана да работи на тоа дека ја завршила таа задача и дека ги дислоцирала во училиштето, ги снабдила со храна, со вода, и со други намирници што се потребни. Инаку, тие се вселени диво на приватен плац. Тој плац таму е приватен плац на некои приватни лица и состојбите таму се многу лоши. Јас видов дека нема ниту вода, дури вечерта немаше електрична енергија заради состојбите што беа направени и за нив треба да се најде некое потрајно решение. Меѓутоа, во услови на криза, кога имате силен пожар што зафатило неколку куќи, ако така може да се каже, во такви услови не се размислува за долгорочниот дел, се размислува за краткорочниот за да не се случи пожарот вечерта кој што беснееше насекаде околу Битола повторно да наиде. Она што беше преземено како краткорочно беше нивно дислоцирање во училиштата. Предвидовме дека е можно некои од нив да не сакаат да дојдат за да ги чуваат куќите итн., и рековме ако дојде до таква ситуација, тогаш ќе оставиме по еден претставник да може да остане, доколку тоа тие го побараат. И, останатите, жените, децата, постарите лица, изнемоштени лица, и сите оние што ќе се согласат да ги префрлиме во училиштето, за да не се повтори ситуацијата. Така што, преземени се мерки од краткорочен тип, заради кризата. Инаку, таму на нив им треба подолготрајно решение. Благодарма.

**Љубиша Георгиевски:** Сега вака, бидејќи седницава е закажана односно дневниот ред е преименуван ексабрукто, јас сум замолен од службите, ве молам да не ме сфатите погрешно, за половина час пауза за да се средат сите книги, сите документи, за да седницата добие легалност.

Повелете господине Алити.

(Алити зборува од место)

Не, сега за да ја легализираме седницата, да не биде еден прост паушален собир, мораме да ја закажеме. СДСМ бараше да закажам седница и јас морам да ја закажам. За да ја закажам ми треба таа пауза. Процедуралните интервенции ќе си добијат, никој нема да биде деприведиран од своите права да прави процедурални забелешки. Но, сега процедурата е на нула, нема што да се дискутира.

Половина час пауза.

Ве молам да ја искористите паузата да се потпишете, се преевидентира седницата од денес.

(Седницата прекина со работа во 12,45 часот)